


# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ 22-30**
**април 2025 Билтен бр. 593**

# ПРОДОЛЖИ АКЦИЈАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СТАРИ ОТПАДНИ ( ХАВАРИСАНИ) ВОЗИЛА

**Во текот на минатата недела продолжи акцијата за подигање на стари отпадни ( хаварисани) возила согласно Законот за управување со дополнителни текови на отпад, во соработка со Колективниот постапувач со кој Општина Карпош има склучено договор за соработка.**
**Подигањето се изврши на територија на ул. Милан Марковиќ како и ул. Џумајска на возила без регистарски таблички кај кои рокот од 10 дена од залепена налепница за дислокација на истото е изминат.**

**Повторно АПЕЛИРАМЕ до сите граѓани кои поседуваат таков тип на возило и на кое веќе е залепена налепница и е спроведена инспекциска постапка од страна на инспекциските служби, да ги отстранат своите возила, во спротивно истите ќе бидат отстранети на нивен трошок. Возилата ќе бидат транспортирани во собирен центар – депо, каде што ќе бидат оставени 7 дена а потоа ќе бидат однесени на рециклирање.**
**Акцијата продолжува до конечно подигање на сите отпадни возила на територија на Општина Карпош.**



## СООПШТЕНИЕ

**Инспекторатот на Општина Карпош провери 50 градби и изрече 26 казни**

**Општина Карпош продолжува со засилен инспекциски надзор врз сите градилишта на својa територија, со цел да се обезбеди законска, безбедна и одговорна урбана изградба. Во текот на изминатата недела, од страна на градежен и комунален инспектор, како и со активно присуство на комуналните редари, беа спроведени над 50 контроли на терен.**

**Како резултат на овие контроли, изречени се вкупно 26 казни и 17 опомени, со целосна примена на законските надлежности и прописи.**

**Градежниот инспектор, согласно својата надлежност, изрече четири казни во висина од 500 до 3.000 евра, на правни и одговорни лица.**

**Комуналниот инспектор изрече пет казни по 300 евра за одговорни лица, како и пет казни по 1.500 евра за правни лица. Воедно, беа изречени и пет опомени, при што недостатоците беа коригирани веднаш на лице место.**

**Дополнително, казни беа изречени и за повеќе правни субјекти, како резултат на утврдени прекршувања. Истовремено, кај дел од градежните компании беше постапено по издадени опомени, со целосно почитување на наложените мерки.**

**Комуналните редари во истиот период изрекоа 12 казни во висина од 40 евра, како и 12 опомени. Доколку во наредниот период не се извршат потребните корекции кај овие градби, во постапката ќе се вклучи и комуналниот инспектор, чии казни, согласно законот, се со значително повисоки износи.**

**Општина Карпош уште еднаш апелира до сите инвеститори и градежни компании кои работат на територија на општината, да ги почитуваат законските прописи, како и да водат сметка за околината, особено при работа во зони со индивидуално домување.**

**Нема компромис со незаконското градење!**

# ОПШТИНА КАРПОШ ПОДДРЖА ДЕВЕТ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ОД КУЛТУРАТА СО ВКУПНО 300.000 ДЕНАРИ

**Врз основа на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на културата за 2025 година, на последната комисија доделена е финансиска поддршка на четири културни дејци и еден ансамбл, во висина од 191,500 денари, за креативни проекти и активности од културата, како и четири еднократни финансиски поддршки за културни активности на три лица кои се занимаваат со култура и една филмска продукција, во вкупна вредност од 110,000 денари.**

**Финансиска поддршка за проекти од културата е доделена на:**

**Фолклорен ансамбл ЕТНОС Скопје, за учество на меѓународен фолклорен фестивал „Светот под Кушера“ –Легница, Полска, кој ќе се одржи во периодот од 26 јуни до 07 јули. Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 90.000 денари.**
**Дејан Стоев, за проектот „Светска поп класика во Карпош“. Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 30.000 денари.**
**Бата ПРЕСС, за реализација на проектот „Правописно – нормативен речник на македонски стандарден јазик од група автори – (универзитетски професори)“. Комисијата одлучи да го поддржи проектот со тоа што ќе откупи 60 примероци во висина на 29.000 денари.**
**Игор Чекичевски, за реализација проектот печатење на сликовница „Евлија Челебија“. Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 22.500,00 денари.**
**Зоран Павловски, за реализација на проектот „Концерт на евергрини и балади на ТООТ Квартет“, Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 20.000 денари.**
**Општина Карпош за оваа година одвои милион денари за финансиска поддршка на креативни интересни проекти и активности од културата за истите да бидат промовирани и презентирани во општината. За изборот на проекти одлучува петчлена комисија, од кои тројца се претставници од комисијата за култура од Советот и двајца од администрацијата на општина Карпош. Целта на оваа активност е афирмација, промоција и поддршка на културните активности и творештвото на сите оние што се занимаваат со културата од Општина Карпош, како и промоција и поддршка на културата и нејзините културни дејци преку отворање на вратите за запознавање на граѓаните од различни области на културата.**
**Еднократна финансиска поддршка за културни активности е доделена на:**

**Мотион ПРО ДООЕЛ Скопје за реализација на интерактивна едукативна работилница на тема „Примена на Вештачката интелигенција во уметноста и медиумска писменост“. Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 30.000 денари.**
**Данче Поповска родител на Стефан Трајковски за снимање на рап – албум. Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 30.000 денари.**
**Марија Николоски родител на Елиза Николоска за превоз, патни трошоци и сместување на претстојниот натпревар по пијано кој ќе се оддржи во Аликанте, Шпанија од 23–26 април. Комисијата одлучи да се одобрат средства во висина од 30.000 денари.**

# СООПШТЕНИЕ

**Градоначалникот на општина Карпош заедно со дел од општинските службеници во текот на вчерашниот ден посети две згради на улица Никола Парапунов и констатира дека и во двата објекта бројот на паркинг места не се изведени во согласност со одобрението за градба од надлежните служби во општината, иако за тоа постои физичка можност, односно висината на гаражниот простор овозможува паркирање на две нивоа.**

**Сопствениците, односно инвеститорите и надзорот ќе бидат повикани во текот на оваа седмица. Во зависност од тоа дали инвеститорите и надзорот ќе го коригираат овој недостаток ќе зависат и мерките кои што ќе ги преземе Општина Карпош против нив.**



# СПОРТСКИ ИНКЛУЗИВНИ ИГРИ ЗА ДЕЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

**По иницијатива на Вања Врдинова во организација на сите специјални едукатори и рехабилитатори од основните училишта од Карпош и во соработка со локалната самоуправа, денеска во спортската сала на ООУ „Петар Поп Арсов“ се одржаа спортски игри во кои заедно учествуваа основците со типичен и атипичен развој. На настанот учествуваа 40 ученици од сите основни училишта во Карпош, односно по четири ученици од секоја образовна установа. На настанот, учениците заедно изведуваа лесни атлетски вежби кои се прилагодливи и за дечињата со попреченост. Целта на денешните активности беше унапредување на процесот на инклузивност во основните училишта во Карпош но и во пошироката локална заедница, каде што децата од оваа социјална категорија нема да се почувствуваат изолирано, туку напротив ќе бидат прифатени.**

**На настанот присувствуваше и градоначалникот Стевчо Јакимовски, кој се обрати пред присутните ученици, наставници и родители. Во оваа пригода, првиот човек на Општина Карпош ја истакна својата силна и континуирана поддршка за инклузивното образование и овозможување на еднакви можности за сите деца, без разлика на нивните способности.**

**Денеска работиме една благородна работа преку која се образуваат учениците, особено оние дечиња кои заостануваат во својот развој. Од тие причини, во нашите основни училишта имаме 58 персонални и два лични асистенти. Од десет училишта во девет училишта имаме комплетни тимови со дефектолог, педагог и психолог, дури во едно училиште имаме и социолог, само уште во ООУ „Лазо Трповски“ немаме дефектолог. Тоа се нашите напори што ги правиме за подобрување на наставата и подобрување на условите на работа и напредок на вашите деца, – истакна Јакимовски.**
**Тој напомена дека инволвирањето на овие деца во разни активности е од витално значење за нив но и за нивните родители.**



# КОЧАНИ ДОБИ ПОМОШ КОГА НАЈМНОГУ И ТРЕБАШЕ: ЈАКИМОВСКИ И КРСТЕВСКИ СО ЗАЕДНИЧКИ ЧЕКОРИ НАПРЕД



**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски денеска во својот кабинет оствари работна средба со в.д. градоначалникот Венко Крстевски. Во рамки на состанокот кој се одржа по иницијатива на в.д. градоначалникот Крстевски, се говореше за конкретни аспекти кои можат да влијаат врз ефикасното работење на локалните самоуправи. Притоа, беа разгледани повеќе опции за преземање на низа активности, позитивни практики и искуства од функционирањето на Општина Карпош, кои ќе станат дел од работната пракса на општинската администрација на Кочани.**

**Ние како локална власт ќе помогнеме сé што можеме и во делот на инспекцискиот надзор, во делот на собирање на приходи, при развој на комуналната инфраструктура, урбанизмот, како и во обидот да се привлечат инвеститори, бидејќи верувам дека на Кочани сега тоа му е навистина потребно. Оваа наша средба доаѓа во вистинско време, затоа што дел од нашите колеги кои се вработени во Карпош најверојатно ќе заминат за Кочани. Целта е тие да пружаат помош, особено во делот што значи инспекциски надзор, со оглед на нивното знаење и стручност во оваа област. Само ќе додадам дека ми е особено драго што господинот Крстевски како еден млад човек сака да ги прифати нашите позитивни искуства кои потоа ќе ги имплементира во неговата општина – истакна Јакимовски.**

**Во духот на продлабочување на кооперативноста помеѓу двете локални самоуправи, Јакимовски и Крстевски потпишаа Меморандум за соработка со цел, поефективна размена на досегашните искуства. Во таа насока, двете општини ќе воспоставаат заеднички релации на соработка во областа на урбанистичкото планирање, комуналните дејности и образованието. Оттука, кочанчани ќе добиваат стручни совети и насоки од своите колеги од Карпош, од областа на инспекцискиот надзор, во поглед на постапување на градежните, комуналните и инспекторите за домување.**

# СООПШТЕНИЕ

**Градоначалникот Стевчо Јакимовски одржа состанок со раководителите на сектори во Општина Карпош на кој беше презентиран извештајот од екстерната проверка на системот за менаџмент со квалитет, животна средина и здравје и безбедност при работа во рамки на стандарадите ISO 9001:2015, ISO 14001:2015 и ISO 45001:2018.**

**Извештајот го презентираше менаџерот за квалитет во Општина Карпош Љупка Трајчевска, по што градоначалникот ги задолжи сите раководители во најкус можен рок да ги имплементираат насоките и забелешките на проверувачите со цел да се подобрат услугите што се даваат на граѓаните.**



# АКВАРЕЛНИТЕ ДЕЛА НА КАРПОШ НИЗ ГОДИНИТЕ

**Денеска во Кинотеката на Република Северна Македонија, официјално беше промовирана монографијата на акварелните дела на Карпош низ годините. Ова е прво издание на ,,Карпош низ годините преку уметноста", во кое достапни се 200-ни ликовни дела на познати и еминентни академски уметници, кои ги оставија во трајно наследство на општина Карпош. Во изминатите години, уметничкото богатство грижливо и внимателно беше чувано во карпошовото депо, и оттука произлезе импозантна колекција на уметнички дела.**

**-Присуствувам на промоција на една едиција на дел од сликите што ги правеле уметници од целата држава па и од околните балкански земји, од Европа, од Латинска Америка од Азија кои учествувале на ликовните колонии во рамки на Карпошовото културно лето. Дојдовме до идеја дека овие значајни дела треба да ги заштитиме и урамиме. Ова е непроценливо богатство, имаме околу 400-на слики, а во оваа едиција има околу 200. Најавуваме и втора едиција во која што ќе бидат опфатени уметнички дела што ги направиле вредните раце на нашите уметници дел домашни и странски. Дел од нив, ги красат ѕидовите на нашите збратимени општини – истакна Јакимовски.**

**Општина Карпош е поттикнувач на уметничкото творештво и синоним на трајни културни вредности.**

